Јавно претпријатие за комунални дејности
"БРЕГАЛНИЦА" ц.о.
Бр. 0102-303
16.12.2009 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 19 став 2 точка 3 од Законот за јавни претпријатија , член 16 став 1 точка 3 и член 33 од Статутот на ЈПКД "Брегалница"- Делчево Управниот одбор ја донесе следната:

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈПКД "БРЕГАЛНИЦА"-ДЕЛЧЕВО ЗА 2010 ГОДИНА

ЈПКД"Брегалница"-Делчево е јавно претпријатие основано од Општина Делчево заради вршење на стопанска дејност од комуналната област од јавен интерес која е незаменлив услов во животот на граѓаните на градот Делчево, општината па и пошироко и тоа посебно во сферата на дистрибуција на вода за пиење и собирање на комунален цврст отпад.

За успешно извршување на својата дејност а во согласност со член 33 од Статутот на претпријатието на предлог на директорот се изготвува Програма за работа и развој на претпријатието за 2010 година.

При изготвувањето на Програмата за работа е појдено пред се од целите и интересите за постигнување на што подобри резултати во работењето врз база на целосно искористување на капацитетите, максимално подигање на нивото на услугите , максимална искористување на вработените и опремата а во исто време максимално намалување на трошоците на работењето.

За успешна реализација на сето тоа во текот на 2010 година посебен ангажман ќе посветиме на следните дејности:

-дистрибуција на чиста и здрава вода за пиење;
-одведување на урбани отпадни води преку канализационата мрежа;
-собирање и изнесување на комунален отпад;
-чистење и метење на улици и јавни површини;
-одржување и уредување на паркови и јавни зелени површини;
-одржување и уредување на градски гробишта;
-одржување на градски пазар на мало;
-расчистување на диви депонии во градот и руралните населби.

За што поуспешно извршување на својата дејност а во согласност со Статутот, работењето на претпријатието е организирано во следните работни единици:

1. Одделение за Општи, правни и финансиски работи;

2.1. Група за водовод, канализација, дистрибуција и одржување на водоводната и канализационата мрежа;

2.2. Група за комунална хигиена, одржување на градска депонија и механизација;

2.3. Група за градежно-оперативни работи и управување со градски православни гробишта;

2.4. Група за одржување и уредување на јавни и зелени површини и речни корита;

**Општи, правни и финансиски работи**

Одделение за Општи, правни и финансиски работи ги извршува сите работи што се од заеднички карактер за Претпријатието и останатите Сектори и работите околу правилно и законско функционирање на целокупното работење. Исто така се грижи за сите правни и административно-техничките работи (следење на законските прописи, подготвување и усогласување на општите акти, архивирање, евиденција и средување на актите и др.)

Посебен акцент од делокругот на оваа работна единица се става на работите од областа на работните односи-заштитата на правата на работниците и нивно усовршување, информираноста на вработените како и работите од доменот на заштитата на имотот, побарувањата и правата на Претпријатието.

Со цел зголемување на ефикасноста во работењето правната служба е задолжена за преземање на сите законски мерки за наплата на побарувањата од корисниците на услуги, односно за таа цел ќе бидат покренати судски спорови за наплата на долгот од нередовните корисници на услуги.

Од областа на финансиското работење се врши изготвување на финансиски планови и анализи за работата на Претпријатието, реализација на побарувањата и обврските, изготвување на сметководствени извештаи (периодични и годишни), Годишна сметка, прегледи и биланси за состојбата во соодветниот период, за работите околу осигурувањето, јавните набавки и комерција како и вршење на наплата на услугите кои ги дава Претпријатието преку службата на инкасатори.

Во координација со останатите сектори посебно внимание ќе се посвети на наплатата на фактурите од корисниците на услуги односно на зголемување на реализацијата и ефикасноста во работењето како предуслов за квалитетно извршување на услугите.

**Водовод, канализација, дистрибуција и одржување на водоводната и канализационата мрежа**

Работната единица- Водовод, канализација, дистрибуција и одржување на водоводната и канализационата мрежа ги врши сите работи со кои се реализира зафаќање, доведување и дистрибуција на вода, изградба на нови водоводни и канализациони линии, реконструкција и замена на постоечките водоводни и канализациони линии, монтирње на пумпни станици како и тековно и инвестиционо одржување на комплетната водоводна и канализациона мрежа во градот и општината.

Снабдувањето со вода за пиење се врши од системот за водоснабдување Брана "Лошана" и постоечките пумпни станици кои се во исправна состојба и се врши нивно редовно одржување така што во случај на енормно високи температури и суши во летниот период истите можат да се вклучат во системот за водоснабдување со што не би имало никаков проблем со водоснабдувањето и во летниот период.

Во претстојната 2010 година во оваа работна единица се планира извршување на следните работни активности:

-Посебен приоритет во 2010 година ќе биде комплетна замена на старите АЦЦ (Азбест цементни цевки) со ПВЦ или полиетиленски цевки во вкупна должина од 3.500 м.

- Изградба на дел од водоводна мрежа во населба "Басарица";
- Санација, реконструкција и доградба на водоводна мрежа во с.Звегор;
- Изградба на водоводна мрежа во населба "Пролет";
- Дислокација на главна водоводна линија ф 225 што поминува низ населба "Пролет" а е довод за "Милково брдо";

Исто така во приоритетите за 2010 година спаѓа и проширувањето на Филтер станицата или изнаоѓање можности заедно со Локалната самоуправа за изградба на нова Пречистителна станица која ќе одговори на новите потреби кои настанаа со пуштањето на системот за водоснабдување "Брана-Лошана" со што би се зголемил протокот на вода кој сега изнесува 50-60 литри во секунда и би се овозможило непрекинато снабдување со вода и на највисоките делови во градот во текот на сите дванаесет месеци во годината.

Се планира дистрибуција на здрава и чиста вода за пиење во градот и сите приградски и селски населби до 4.640 корисници на водоводната мрежа во вкупна количина од 1.063.500 м3 вода.

Планираната дистрибуција за 2010 година по категории на корисници би изгледала вака:

| | |
|---|---|
| 1.Физички лица(домаќинства) | 795.000 м3 |
| 2.Правни лица | 135.000 м3 |
| 3.Наменска вода | |
| а) Одржување на паркови и зеленила | 3.500 м3 |
| б) Јавни чешми и фонтани | 5.000 м3 |
| 4.Загуби | 125.000 м3 |
| ВКУПНО: | 1.063.500 м3 |

Исто така една од дејностите на оваа работна единица е одржување и чистење на канализациониот систем кој е во должина од 3.800м1 и канализационата градска мрежа во должина од 40.300м1. Во 2010 година се планира да се одведат преку градската канализациона мрежа на отпадни фекални води околу 780.000 м3 урбани отпадни води. Во однос на инвестициите во канализационата мрежа планирани се следните активности:

-Спојување на десниот колектор на река Брегалница на потегот од спортската сала до колектор од Звегорска река;
-Спојување на колекторот од с.Звегор до населба Звегорска река;
-Изградба на лев крак на канализација во с.Габрово;
-Спојување на колектор од с.Габрово до Делчево;
-Изградба на канализациона мрежа во село Вирче;
-Изградба на канализациона мрежа во село Град;
-Изградба на канализациона мрежа во населба "Пролет"

**Комунална хигиена и одржување на градска депонија**

Работните активности во оваа работна единица се состојат во секојдневно собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст отпад од домаќинствата како и комерцијалниот и индустрискиот отпад од стопанството во градот и приградските населби.

Покрај редовното и секојдневно собирање на сметот, во есенските месеци (Октомври, Ноември) се врши дополнително собирање и изнесување на растителниот отпад од дворните места на физичките лица за што во претходните години не се наплаќаше надоместок во сметките (за разлика од други општини каде за собирање на отпадот од дворните места се наплаќа надомест од м2 површина на дворно место) така што во таа насока ќе мора да се усогласи и воведе цена од метар квадратен дворна површина за собирање на отпадот од дворните места бидејќи реално најголемата количина на отпадот потекнува од дворните места.

Оваа дејност се извршува со четири возила:
- две специјални возила за смет
- два трактора со приколка.

Во 2010 година се планира активирање на уште едно специјално возило за собирање со отпад со што ќе се обезбеди навремено собирање на отпадот во општината.

Во 2010 година се планира да се собере вкупно 9.000 тони отпад од 4.000 домаќинства и од околу 340 правни лица односно установи согласно Оперативниот план за собирање и депонирање на отпад.

Целокупниот отпад од градот Делчево и приградските населби се транспортира и депонира во градска депонија Острец. Локацијата на времената депонија Острец Делчево се наоѓа на оддалеченост од 5км од градот. Површината на истата изнесува некаде околу 1,5 хектари. Од сите страни е опколена со шуми а воедно покрај неа поминува патот за Црна скала кон Р. Бугарија. Депонијата беше делимично заградена со ограда од бодликава жица која за жал "благодарение" на несовесните граѓани е целосно уништена.

Поради тоа а и по новите законски нормативи во 2010 година мора да се изврши оградување на самата депонија па за таа намена се планира поставување на бетонски столбови 330 бр, поставување на универзално плетиво во висина од 1.5м во површина од 1.485 м2, поставување на бодликава жица и метална капија како и пробивање на обиколен пат (појас) за заштита од пожари во ширина од 8м1 и вкупно во површина од 4.000 м2.

Локацијата претставува проблем во зимските услови при големи врнежи од снег при што се користи механизација за расчистување на патот и негова проодност. Во соработка со локалната самоуправа и во зависност од можноста за изнаоѓање средства се планира проширување на депонијата и нејзино заградување а во план е и изнаоѓање на нова локација за депонија.

Во 2010 година за истакнување е планот и студиите на Министерството за животна средина и на Општините во регионот за изградба на регионална депонија на која целокупниот отпад од општините кои се вклучени во овој проект со специјални возила ќе се транспортира до регионалната депонија. Исто така треба да се спомне и реализирање на проектот за собирање и селектирање на ПЕТ амбалажата во кој исто така се вклучени повеќе општини од регионот и за таа цел во функција се стави преса за ПЕТ амбалажа во градот Кочани.

Во овој сектор во текот на 2010 година ќе се продолжи со спроведување на Одлуката на Советот на Општина Делчево за замена на металните контејнери со типизирани пластични канти за отпад и се планира целосна замена на сите дотраени контејнери наменети за индивидуалните станбени згради со пластични канти а исто така се планира поставување на дополнителни контејнери по централното градско подрачје и пред колективните станбени згради.

**Градежно-оперативни работи и управување со градски гробишта;**

Работната единица за градежно-оперативни работи и управување со Градски православни гробишта организира и врши градежно оперативни работи од типот на ниска градба за потребите на претпријатието, соработува со останатите работни единици за оперативни работи, врши одржување на градските гробишта и организира погребни услуги.

**Со финансиски средства на Буџетот на Општина Делчево наменети за партерно уредување на градот и населените места во Општината се планира извршување на следните работи:**

- Санирање на прекопи на улици и јавни површини со бехатон плочки како и крпење на ударни дупки со асфалт во вредност од 500.000,00 денари;
- Уредување на тротоари на ул. "Маршал Тито" со поставување на бехатон плочки во површина од 2.500м2, во вредност од 750.000,00 денари;
- Довршување на пешачка патека со поставување на бехатон плочки и рабници во површина од 500м2 во вредност од 180.000,00 денари;
- Довршување на пешачка патека од ОУ "Ванчо Прке" до Детска градинка во површина од 500м2 со вредност од 200.000,00 денари;
- Изградба на пешачка патека со поставување на рабници на ул. "М.М.Брицо" околу Здравен дом во површина од 500м2 со вредност од 250.000,00 денари;
- Довршување на ограда од бетон и речен камен на СОУ "М.М.Брицо" (само работна рака) вредност 200.000,00 денари;
- Довршување на жардинерии на ул. "М.М.Брицо" и "М.Тито" со уградување на штипан (сечен) камен и поставување на заштитни рабници- 500м2 во вредност од 400.000,00 денари;
- Изработка на жардинерии на Бул. Македонија од Бензинска пумпа "Макпетрол" до Шумско стопанство "Голак" и изработка на украсни фонтани - 1300м1 во вредност од 800.000,00 денари;
- Довршување на мини парк со чешма во Стар расадник како и изградба на мини паркови во други населби во вредност од 400.000,00 денари;
- Изработка на тротоари од бехатон на улица "Разловечка" и "Илинденска" и проширување на улица "М.Х.Јасмин" во вкупна вредност од 600.000,00 денари;
- Уредување на селски чешми и вградувахе на бехатон во с. Вирче во вредност од 300.000,00 денари;
- Изградба на улица во с.Град до црква, комбинирано од бехатон плочки и бетон во вредност од 300.000,00 денари.

**За реализација на горенаведените работи во вкупна вредност од 4.880.000,00 денари наменски средства за партерно уредување на градот ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Делчево.**

Во склоп на оваа работна единица ЈПКД"Брегалница"-Делчево врши и одржување и управување со градски гробишта и вршење на погребални услуги (продажба на погребална опрема, транспорт на мртовци, погребување, водење евиденција за гробни места, резервации и уредување на градски гробишта)

Во 2010 година се планирани следните работи:

- Изградба на ограда на градси гробишта од метални столбови и универзал плетиво;
- Изградба и уредување на пристапни патеки;
- Изградба на санитарен јазол-клозет на градски гробишта;
- Изградба на водоводна линија до онаму каде не е поставена.
- Изградба на нова парцела со гробни места;

ЈПКД"Брегалница"-Делчево за градот и општината организира пазар на мало лоциран времено позади Домот на културата на ул. "Н.Ј.Вапцаров". Паззарот на мало зафаќа површина од околу 1500м2, дел е асфалтиран, дел опесочен, снабден е со метални и обични тезги за продажба на земјоделски и други производи. Имајќи предвид дека е тоа само времена локација која не одговара за таквата намена и не ги исполнува пропишаните законски услови неопходно е утврдување на трајна локација и изградба на современ пазар.

Затоа во 2010 година наша голема заложба во соработка со Локалната самоуправа и Градоначалникот е изнаоѓање на начини и средства по пат на јавно приватно партнерство за изградба на нов зелен пазар кој ќе биде пофункционален по сите стандарди и кој ќе одговара на потребите на граѓаните на Општина Делчево.

До изградбата на нов пазар ЈПКД "Брегалница´-Делчево како субјект кој стопанисува со постоечкиот пазар во 2010 година ќе продолжи со изработка и поставување на нови тезги како и планирано е покривање на дел од тезгите.

**Одржување и уредување на паркови, зелени површини и речни корита;**

Во делокругот на работната единица за одржување и уредување на јавни и зелени површини и речни корита е предвидено редовно планирање на зелените површини во градот, нивно уредување со соодветни видови зелени и цветни насади, потоа со култури од висок саден материјал со изразито стручно градинарско уредување со окопување и чистење на осушени и застарени гранки.

Во 2010 година се планираат следните работни активности:

- Уредување на Паркот пред Споменикот на Гоце Делчев во површина од 3500м2 при што ќе бидат извршени следните работи: засадување на украсни зимзелени дрвца и грмушки; набавка и засадување на сезонско цвеќе; машинско косење на тревник и прихранување на тревни површини со арско ѓубре; набавка и поставување на распрскувачи; изведување на пешачки патеки со бехатон плочки; набавка и поставување на корпи за отпадоци; набавка и поставување на клупи за седење; изградба на фонтана.

-Уредување на Градскиот парк во површина од 7500 м2 : Засадување на украсни зимзелени дрвца и грмушки и засадување сезонско цвеќе; машинско косење на тревник и прихранување на тревни површини со арско ѓубре; обновување на постоечките пешачки патеки со бехатон плочки; поставување на корпи за отпадоци; поправка на парковски клупи и бојадисување; припрема на земјиштето пред Спомен дом АСНОМ (кај скали) и засејување со парковска трева; поставување на ивичњаци околу озеленетите површини.

-Уредување на Кеј на Брегалница: Набавка и поставување на корпи за отпадоци; набавка и поставување на клупи за седење; поставување на камен околу засадените дрва и обликување на истите; набавка и засадување на сезонско цвеќе.
-Уредување на жардинериите на ул.Маршал Тито и М.М.Брицо: постелување со органско ѓубре на полуиспразнетите жардинерии;набавка и засадување на украсни зимзелени цветни грмушки; засејување на парковска трева и поставување на систем за наводнување капка по капка во должина од 350м1
- Набавка и засадување на украсни зимзелени дрвца и грмушки пред комплекс Делчевчанка.
- Засадување на цветни декоративни садници на косини пред ОУ "Св Климент Охридски".
- Целосна реконструкција и уредување на просторот помеѓу коловозните ленти и набавка и Засадување на нови украсни грмушки на Булевар Македонија;
- Уредување на коритото на река Габровчица од мостот кај Општина Делчево се до крајот на урбанизираниот дел од градот низ кој поминува река Габровчица со отстранување на дрвјата по коритото и усмерување на водотекот какои и подигање и одржување на тревни површини од двете страни на река Габровчица.

## КАЛКУЛАЦИЈА НА ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕДВИДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ

1. Потребни средства за ангажирани работници........................... 1.440.000,00
2. Материјални трошоци
   - Набавка на потребен материјал (бехатон плочки, дрвца, трева, цвеќе, фонтани, мермер, арско ѓубре) .......................... 500.000,00
   - Алат (коси, копачи, лопати, гребули, вили,колички рачни, макази и ножици за кроење) ......................................................... 30.000,00
   - ХТЗ опрема (одела, кабаници,ракавици, чизми) ........................ 36.000,00
   - Енергија и гориво и мазиво ............................................................ 60.000,00

---

СЕ ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА= **2.066.000,00 денари**

Со оглед на тоа што ЈПКД "Брегалница"-Делчево не наплаќа надомест за одржување на паркови и зеленило во сметките за комунални услуги потребните средства за одржување на јавните зелени површини ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Делчево.

**ПРЕГЛЕД**

На редовни работни активности околу одржување на паркови и зеленило во градот Делчево

| Работни операции | Кеј на р. Брегалница и Габровчица | | Градски парк АСНОМ | | Стази на Бул. Македонија | | Споменик на Гоце Делчев | | Жардинери | | Скверови | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М2 | Повт | М2 | Пов | М2 | Пов | М2 | Пов | М2 | Пов | М2 | Пов |
| Собирање хартија и отпадоци | 20.000 | 40 | 7.500 | 40 | 11.090 | 40 | 3.500 | 40 | 9.750 | 40 | 4.600 | 8 |
| Машинско косење | 20.000 | 12 | 7.500 | 16 | 11.000 | 12 | 3.500 | 12 | 9.750 | / | 4.600 | 6 |
| Гребулење тревник пред машинско косење | 20.000 | 8 | 7.500 | 6 | 11.000 | 8 | 3.500 | 8 | 9.750 | / | 4.600 | 3 |
| Гребулење и собирање трева | 20.000 | 12 | 7.500 | 16 | 11.000 | 12 | 3.500 | 12 | 9.750 | / | 4.600 | 8 |
| Изнесување трева со колич. | 20.000 | 8 | 7.500 | 6 | 11.000 | 8 | 3.500 | 8 | 9.750 | / | 4.600 | 3 |
| Утовар на гранки | 20.000 | 2 | 7.500 | 4 | 11.000 | 4 | 3.500 | 8 | 9.750 | / | 4.600 | / |
| Сечење на плевел по патеки | 20.000 | / | 7.500 | 6 | 11.000 | 6 | 3.500 | / | 9.750 | 6 | 4.600 | 6 |
| Рачно косење | 20.000 | 9 | 7.500 | / | 11.000 | 4 | 3.500 | / | 9.750 | / | 4.600 | 4 |
| Полевање тревник (рачно) | 20.000 | 12 | 7.500 | 8 | 11.000 | 8 | 3.500 | / | 9.750 | 12 | 4.600 | 4 |
| Полевање трева со распрскувачи | 20.000 | / | 7.500 | 12 | 11.000 | 12 | 3.500 | / | 9.750 | / | 4.600 | / |
| Окопување на грмушки во паркови | 20.000 | / | 7.500 | 8 | 11.090 | / | 3500 | 4 | 9750 | 12 | 4600 | / |
| Окопување-прашење ружи | 20.000 | / | 7.500 | / | 11.090 | 6 | 3.500 | / | 9.750 | 6 | 4.600 | / |
| Окопување дворед | 20.000 | 8 | 7.500 | / | 11.090 | 8 | 3.500 | / | 9.750 | / | 4.600 | / |
| Кастрење гранки од врба | 20.000 | / | 7.500 | / | 11.090 | / | 3.500 | 3 | 9.750 | / | 4.600 | / |
| Сечење суви дрва | 20.000 | 1 | 7.500 | 1 | 11.090 | 1 | 3.500 | 1 | 9.750 | / | 4.600 | / |
| Метење патеки | 20.000 | / | 7.500 | 10 | 11.090 | 20 | 3.500 | 5 | 9.750 | 10 | 4.600 | 2 |
| Поправка на парковски клупи и бојадисување | 20.000 | / | 7.500 | 1 | 11.090 | / | 3.500 | / | 9.750 | / | 4.600 | / |
| Одржување на жардинерии-полевање | 20.000 | / | 7.500 | / | 11.090 | / | 3.500 | / | 9.750 | 12 | 4.600 | / |
| Собирање лисја со изнесување | 20.000 | 9 | 7.500 | 9 | 11.090 | 6 | 3.500 | 5 | 9.750 | 4 | 4.600 | 2 |
| Рачен утовар на лисја и гранки | 20.000 | 8 | 7.500 | 5 | 11.090 | 4 | 3.500 | 5 | 9.750 | 2 | 4.600 | 2 |
| Кроење на зимзелени, цветни грмушки и алпинуми | 20.000 | / | 7.500 | 2 | 11.090 | 2 | 3.500 | / | 9.750 | 2 | 4.600 | 2 |
| Садење садници | 20.000 | / | 7.500 | 1 | 11.090 | / | 3.500 | / | 9.750 | 1 | 4.600 | 1 |
| Прихранување на тревни површини | 20.000 | 1 | 7.500 | 1 | 11.090 | 1 | 3.500 | 1 | 9.750 | 1 | 4.600 | 1 |

Вкупни површини --градско зеленило кои редовно ги одржува ЈПКД "Брегалница"-Делчево

| Р. бр. | Локација-место | |
|---|---|---|
| 1 | Кеј на река Брегалница | Површина во м2 |
| 2 | Кеј на река Габровчица | 10.000 |
| 3 | Градски парк АСНОМ | 10.000 |
| 4 | Парк пред споменик на Гоце Делчев | 7.500 |
| 5 | Скверови | 3.500 |
| 6 | Озеленети стази на Бул. Македонија | 4.600 |
| 7 | Парк пред комплекс Делчевчанка | 11.090 |
| | ВКУПНО | 200 |
| | | 46.890 |

**Одржување на јавна чистота во Општина Делчево**

Согласно Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Делчево донесена од Советот на Општина Делчево број 07-701/1 од 14.11.2008 година, ЈПКД "Брегалница"-Делчево како субјект на кој му е доделено правото за одржување на јавната чистота во Општина Делчево предлага Годишна Програма за одржување на јавната чистота која ја донесува Советот на Општина Делчево.

Со Програмата се предвидуваат видот и обемот на работите што треба да се извршат, предвидениот број на вработени, финансиските средства потребни за реализација како и динамиката и начинот на извршување на работите.

Под одржување на јавната чистота се подразбира чистење (миење и метење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти како и чистење на снег и мраз во зимски услови.

Работите околу одржувањето на јавната чистота ќе ги врши Работната единица за одржувањеи уредување на паркови, јавни и зелени површини и речни корита во чиј склоп постои оддел за одржување (метење) на улици и јавни површини.

Во одржување на јавната чистота ЈПКД "Брегалница´-Делчево ќе се ангажира за следните работи:

-Метење на улици, тротоари, пешачки патеки, паркинзи, пазаришен простор и други отворени јавни површини;

- Миење на улиците;

-Собирање и транспортирање на сметот од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосферски наноси,

-Расчистување на диви депонии и

-Чистење на снегот и мразот од тротоарите и пред јавните објекти.

Чистењето, метењето на улиците и другите јавни површини (тротоари, пешачки патеки, паркинг места) ќе се врши секојдневно заедно со изнесување на смет и наслаги по следниот Оперативен план:

ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ И ЈАВНИ ПОВРШИНИ

| **Р.бр** | **Улица-јавна површина** | **Површина м2** |
|---|---|---|
| 1 | ул."Маршал Тито" (Од Ветеринарна станица до касарна) | 3.400 |
| 2 | ул."М.М.Брицо" (Од мостот на р.Брегалница - семафорите од двете страни на булеварот, до зграда на Општина Делчево ) | 3.200 |
| 3 | Булевар "Македонија" (Од АД Фротирка до Шумско стопанство ) | 4.500 |
| 4 | ул."Индустриска" (од спој со Бул.Македонија, улица кон пазар до ул."М.Тито) | 1.500 |
| 5 | ул."Н.Ј.Вапцаров" (Од "Дамјанов" -ОУ "Ванчо Прке´-Градски парк АСНОМ) | 1.800 |
| 6 | Кеј на Ослободување, (Од мостот до Градски стадион) | 1.500 |
| 7 | Градски пазар | 1.500 |
| 8 | Паркинг пред спомен дом АСНОМ | 1.200 |
| 9 | Паркинг пред Здравен дом | 850 |
| | ВКУПНО: | 19.450 |

-Миењето на улиците ќе се извршува во летниот период (01.04 до 31.10) во временскиот интервал од 04-07 часот еднаш во неделата ПО СЛЕДНИОТ Оперативен план.

## ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА МИЕЊЕ НА УЛИЦИ

| Р.бр | УЛИЦА | Површина м2 |
|---|---|---|
| 1 | Булевар "Македонија" (Од бензинска пумпа "Макпетрол" до раскрсница со ул. "Скопска) | 4.500 |
| 2 | ул."М.М.Брицо" (Од мостот на р.Брегалница - семафорите од двете страни на булеварот, до зграда на Општина Делчево ) | 3.200 |
| 3 | ул. "Маршал Тито" (Од Ветеринарна станица до касарна) | 3.400 |
| 4 | ул."Н.Ј.Вапцаров" (Од "Дамјанов" -ОУ "Ванчо Прке´- Градски парк АСНОМ) | 1.800 |
| 5 | ул. "Светозар Марковиќ" | 1.500 |
| | ВКУПНО: | 14.400 |

Во зимски услови во зависност од временските услови ќе се врши чистење на снегот од тротоарите и нивно посипување со сол и песок во централното градско подрачје како и кај детските установи, пешачки премини, паркиралишта и сите други прометни јавни површини во градот.

## КАЛКУЛАЦИЈА НА ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕДВИДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ

- Број на вработени ангажирани за јавна чистота:
  9 работници (1 Раков.+ 8 Работници - Бруто плата за 12мес.= 2.373.895,оо

- Материјални трошоци
  - Алат (коси, копачи, лопати, гребули, вили,колички,................... 80.000,оо
  - Вреќи за отпад........................................................................ 10.000,оо
  - ХТЗ опрема (одела, ракавици, чизми, кондури) ........................... 50.000,оо
  - Енергија и гориво и мазиво ........................................................ 100.000,оо

СЕ ВКУПНО: 2.613.895,оо денари

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ОД ОДР2УВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА

1. Надомсест за јавна чистота ............................................... 1.850.000,00 денари
2. Средства од Буџет на Општина Делчево .................... 763.895,00 денари

ВКУПНО ПРИХОДИ: 2.613.895,00 денари

# ПЛАНИРАНО ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ ЗА 2010 ГОД.

Како во изминатата година така и во деловната 2010 година на инвестиционото вложување и одржување му се посветува големо внимание меѓутоа скромните финснсиски средства предвидени за таа намена во претпријатието и Општината се ограничувачки фактор во оваа сфера.

Но и покрај сето тоа веруваме дека со изготвување на соодветни и издржани проекти ќе смогнеме сили и се надеваме со финансиска помош односно здружени средства на Општината и државата во голема мера да го реализираме планираното инвестиционо вложување кое во 2010 година кое е следното:

| **Инвестиција** | **Износ во денари** |
|---|---|
| Замена на старите азбест цементни цевки) со ПВЦ или полиетиленски цевки во вкупна должина од 3.500 м. | 6.200.000,00 |
| Реконструкција на Филтер станица со изградба на две нови линии | 18.300.000,00 |
| Изградба на дел од водоводна мрежа во населба "Басарица" | 2.697.703,00 |
| Изградба на водоводна и канализациона мрежа во населба "Пролет" | 26.700.000,00 |
| Дислокација на главна водоводна линија ф 225 во населба "Пролет" | 4.160.000,00 |
| Санација, реконструкција и доградба на водоводна мрежа во с.Звегор | 560.000,00 |
| Колектор с.Звегор-Звегорска река | 2.976.040,00 |
| КолекторЗвегорска река -Делчево | 4.051.730,00 |
| Колектор Габрово-Делчево | 8.800.450,00 |
| Канализација (лев крак) во Габрово | 2.381.274,00 |
| Набавка на пластични канти за отпад | 1.530.000,00 |
| Санација и оградување на депонија | 360.000,00 |
| Оградување и уредување на градски гробишта | 500.000,00 |
| Набавка на возило за метење на улици | 1.800.000,00 |
| ВКУПНО: | 91.017.197,00 |

Средствата за реализација на овие инвестиции ќе се обезбедат од:

-Сопствени средства

-Буџетот на Општина Делчево

- Средства од Програми на Владата на Р.М и Министерствата;

-Донации, грантови кредити и сл.

**П Л А Н**
**На приходите по видови во 2010 година**

I. ДИСТРИБУЦИЈА,ОДРЖУВАЊЕ,РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА ИНСТАЛАЦИЈА

1.ВОДОВОД

а) Домаќинства(физички лица)....................................................14.451.845 денари
б) Правни лица............................................................................5.381.924 ден.
в) Водоприклучна согласност........................................................200.000 ден.

2.КАНАЛИЗАЦИЈА

а) Домаќинства(физички лица)....................................................3.280.000 ден.
б) Правни лица ............................................................................ 1.260.000 ден.

II ОДСТРАНУВАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА ОТПАД

а) Домаќинства(физички лица)....................................................6.518.226 ден.
б) Правни лица............................................................................2.952.989 ден.

III ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА

а) Домаќинства(физички лица)....................................................1.550.000 ден.
б) Правни лица............................................................................ 300.000 ден.

IV ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ, ГРАДСКИ ГРОБИШТА

а) Приходи од продадена погребална опрема..............................450.000 ден.
б) Погребални услуги....................................................................950.000 ден.
в) Резервации.................................................................................300.000 ден.
г) Одржување на градски гробишта ...............................................240.000 ден.

V ПРИХОДИ ОД ПАЗАРИШНА ТАКСА..........................................720.000 ден.

СЕ ВКУПНО: 37.834.984,00 ден.

Управен одбор на ЈПКД"Брегалница"
Претседател,
Сузана Петровска